Република Северна Македонија
**Министерство за култура**
Сектор за управен
и инспекциски надзор

Republika e Maqedonisë së Veriut
**Ministria e Kulturës**
Sektori i Mbikëqyrjes
Administrative dhe Inspektuese

57/[illegible]

Здружение за културен развој уметност и продукција
ГРУПА ШЕРБЕТ
Бр. 03-14/1
15.12.2020 год
ТЕТОВО

# ЗАПИСНИК

## за извршен инспекциски надзор

Ип 1 бр. 57-88
Датум: 15.12.2020 година

1) Податоци за субјектот на инспекцискиот надзор

| | |
|---|---|
| Назив на субјектот на надзор | Здружение за културен развој, уметност и продукција ГРУПА ШЕРБЕТ - Тетово |
| Седиште/адреса на субјектот | |
| Адреса за е-пошта | |
| Телефон | |
| Матичен број на субјектот | |
| Даночен број на субјектот | |
| Број на жиро сметка на субјектот | |
| Банка депонент | ТТК Банка АД - Скопје |
| Одговорно лице на субјектот: | управител |
| Име и презиме, - управител | Телефон Е-пошта: |

2) Податоци за инспекцискиот надзор

| | |
|---|---|
| Вид на инспекциски надзор | 1. РЕДОВЕН 2. ВОНРЕДЕН 3. КОНТРОЛЕН |
| Датум на почеток на инспекцискиот надзор | 15.12.2020 г. Време на почеток на инспекцискиот надзор 11.00 |
| Датум на завршување на инспекцискиот надзор | 15.12.2020 г. Време на завршување на инспекцискиот надзор 14.00 |
| Назив на објектот- инсталацијата каде се врши надзорот | НИП „Нова Македонија“ службени простории на Сектор за управен и инспекциски надзор - Скопје |


Министерство за културана
Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e
Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ“ бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 23240 643 и
075/273-066
www.kultura.gov.mk

| | |
|---|---|
| Приоритетна дејност на субјектот каде се врши надзорот | Изведувачка уметност (шифра:90.01) |
| Адреса на објектот- инсталацијата каде се врши надзорот | ул. „Св. Кирил и Методиј " бр. 51 – Скопје |

3) Инспекцискиот надзор е извршен по иницијатива бр.20-7305/1 од 3.7.2020 г., од Секторот за дејности од областа на културата и уметноста, Одделение за центри на културата, фолклор и музичко-сценска дејност и е предвиден со Месечниот план за работа на Секторот за управен и инспекциски надзор на МК за м. Декември 2020 година.

4) Инспекцискиот надзор е извршен од советник - инспектор во Секторот за управен и инспекциски надзор во Министерството за култура. За почетокот на вршењето на надзорот, со Допис Ип. 1 бр. 57-87 од 12.11.2020 г. е известен субјектот на надзорот во согласност со член 69 став (2) од Законот за инспекциски надзор („Службен весник на РСМ" 102/19), а поради обемот и сложеноста на инспекцискиот надзор, неговата природа и околностите за работа, Записникот е дополнително составен во службените простории на Секторот за управен и инспекциски надзор на МК во согласност со член 82 став (3) од истиот Закон.

5) Предмет на вонредниот инспекциски надзор, којшто е планиран со Месечниот план за работа на Секторот за управен и инспекциски надзор во Министерството за култура на РСМ за м. декември 2020 г., е во однос на спроведувањето на член 68 од Законот за културата, односно наменското користење на средствата во вкупен износ од **56.000,00 денари**, преведени од Буџетот на Р. Северна Македонија, преку Министерството за култура за *учество во финансирање на проектот „Евергрин композиции од македонската и светска музичка литература"* на Здружението за културен развој, уметност и продукција ГРУПА ШЕРБЕТ - Тетово (**во натамошен текст: ШЕРБЕТ)** *од* национален интерес *во културата од областа на* музичка и музичко сценска дејност *за* 2019 година, *како* и постапување по обврската во рок од еден месец, сметано од денот на завршувањето на проектот/проектите до МК да биде доставен извештај за реализација, кој содржи наративен приказ за реализација на проектот, спецификација за вкупно потрошените средства (Образец - Финансиски извештај за реализација на Проектот, достапен на веб-

страницата на МК), договори, сметки, фактури, конечен финансиски план со сите износи на потрошени средства и извори на финансирање, како и друга потребна документација (банкови изводи, фото и/или видео документација и слично).

6) Во извршувањето на овој инспекциски надзор: не употребена Листата за проверка.

7) За време на извршувањето на инспекцискиот надзор, субјектот на надзор беше претставуван од:

| Име и презиме | Телефон | Е-пошта |
|---|---|---|
| - управител | | |

8) За време на извршувањето на вонредниот инспекциски надзор, присутни беа и следните лица:

| Реден бр. | Име и презиме | Својство |
|---|---|---|
| 1. | | Диригент на настанот |

9) Инспекторот кој го изврши инспекцискиот надзор, пред почетокот на надзорот, на претставникот на субјектот на надзор му ги презентира целите и предметот/опфатот на вонредниот инспекциски надзор и му ги објаснија правата и обврските на субјектот на надзор.

10) Во инспекцискиот надзор се констатирани следните **наоди за утврдената фактичка состојба:**

10.1. Во однос на обврската од **член 68 став (3) од Законот за културата** и член 5 став (1) од Договорот, во рок од еден месец сметано од денот на завршувањето на Проектите (забелешка: според членот 3 став 1 од Договорот заклучно со 20.11.2019 г., а по исклучок доколку постојат објективни причини заклучно со 31.12.2019 г.), од областа на *музичка и музичко сценска дејност* до МК да биде доставен **извештај за реализацијата на проектот**, кој содржи: наративен приказ за реализација на проектот, спецификација за вкупно потрошените средства (Образец-Финансиски извештај за реализација на Проектот, достапен на веб-локацијата на МК), договори, сметки, фактури, банкови изводи, конечен финансиски извештај со сите


Министерство за културана
Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e
Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ" бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr. 61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 23240 643 и
075/273-066
www.kultura.gov.mk

износи на потрошени средства и извори на финансирање, утврдено е дека ШЕРБЕТ до МК има доставено нецелосен Наративен и финансиски извештај со приемен штембил на МК бр. 20-12880/1 од 19.11.2019 г., за реализација на Проектот – „Евергрин композиции од македонската и светска музичка литература" забелешка: (недостига пополнет образец за наративен и финансиски извештај за проектот, како и банкови изводи за исплата на средствата ).

Од страна на инспекторот беше укажано за доследното спроведување на **член 68 став (3) од Законот за културата**, како и член 5 став (1) од Годишниот договор. Во однос на обврската од член 3 став (8) од Договорите, според којшто корисникот има обврска за реализацијата на проектите согласно со позитивната законска регулатива да ги регулира **авторското право и/или сродните права** кои произлегуваат од реализацијата на проектот/проектите (преку склучување договори со ангажираните физички и/или правни лица), на увид се презентирани изведувачки договори (со диригент, музички настап на концертот со 4 лица) за учество во реализација на проектот.

Оттука, врз основа на утврдената фактичка состојба од страна на инспекторот при надзорот утрдени се одделни неправилности во работењето на субјектот од аспект на примена на членот 68 став (3) од Законот за културата, за што инспекторот ќе превземе соодветни мерки.

Користење на одобрените средства

(Програма – Музичка и музичко сценска дејност)

Освен средствата од Буџетот на РСМ, добиени преку МК во наведениот период на жиро-сметката на ШЕРБЕТ се евидентирани и приходи остварени од сопствени извори.

Согласно со Годишниот договор бр. 20 – 5281/1 од 22.4.2019 г., за учество во финансирање на Годишната програма за работа од национален интерес во културата за 2019 г., од Буџетот на РСМ, преку МК на ШЕРБЕТ за проектот „Евергрин композиции од македонската и светската музичка литература" (трошоци за хонорари и пропаганден материјал) биле одобрени 80.000 **денари** а преведени се со Решение бр.20-5281/2 од 19.12.2019 г., 56.000 денари.

На денот на надзорот на инспекторот му беа презентитани следниве Трошоци за реализација за горе наведениот проект кои се прикажани во следниот табеларен преглед:

| Ред. бр. | Намена/доверител | Износ | Друго |
|---|---|---|---|
| Проект- „Евергрин композиции од македонската и светската музичка литература " (трошоци за хонорари и пропаганден материјал) | | | |
| 1. | Авторски надомест за 4 лица за музичка изведба и настап (Р ... на и ... преку АД ... Центар-консатинг - Скопје | 45.200 денари | По ф-ра бр.05-13468 од 8.11.2019 г., по претходно склучени договори од 8.11.2019 (Банков извод бр од 25.12.2019) |
| 2. | ДПТУ „ ДООЕЛ Тетово | 15.000 денари | По ф-ра бр.0819/19 од 7.11.2019 (Банков извод бр од 25.12.2019) |
| | Вкупно: | 60.200 денари | Вкупно ненамирена обврска во износ од 28.249 **денари** и тоа за диригент на настанот |

ШЕРБЕТ го реализирало горенаведениот проект од музичка и музичко сценска дејност во големата сала на НУ Центар за култура „Ильо Антевски Смок" во Тетово на 17.11.2019 година.

При надзорот присутното лице презентираше и преостанат долг за диригентот во износ од 28.249 денари согласно изведувачкиот договор од 8.11.2019 година по про ф-ра бр.05-13617 од 13.11.2019 во износ од 28.249 денари .

При надзорот, на присутното лице преставник на ШЕРБЕТ од страна на инспекторот беше укажано дека ШЕРБЕТ треба да достави до МК целосен наративен и финансиски извештај за реализација на горе наведениот проект на уредно потполнет образец кој содржи наративен приказ за реализација на проектот **и конечен финансиски извештај** за вкупно потрошениете средства и извори на финансирање, односно за доследното спроведување на **член 68 став (3) од Законот за културата**, за што инспекторот ќе превземе соодветни мерки.

Оттука, врз основа на утврдената фактичка состојба од страна на инспекторот при надзорот утрдени се одделни неправилности во работењето на субјектот од аспект на примена на членот 68 став (3) од Законот за културата, за што инспекторот ќе преземе инспекциска мерка: ќе донесе решение со опомена кое што на субјектот

на надзорот ќе му се нареди во определен рок да го отстрани утврдениот недостаток при вонредниот инспекциск надзор, извршен во ШЕРБЕТ.

11) Со содржината на овој записник и со утврдената фактичка состојба е запознаен претставникот на субјектот на надзорот, кој НЕМАШЕ забелешки .

12) Забелешки на претставникот на субјектот на надзорот: НЕМА

Потпи
претст
субјектот на надзор: управител
Датум: 19.12.2020 г.

Печат и потпис на
- инспекторот за
култура:
Датум: 19.12.2020 г.

Потпис на присутно лице:
диригент

ГРУПА ШЕРБЕТ
Здружение за културен развој, уметност и продукција
Тетово


Министерство за културана
Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e
Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ" бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 23240 643 и
075/273-066
www.kultura.gov.mk